Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-вата седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-2967/1 од 15.11.2024 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за несоодветно постапување на службени лица во Општина /// во врска со бесправно изграден објект на територијата на Општина /// во кој се врши угостителска дејност, **СЕ ЗАПИРА.**

Наводите изнесени во пријавата со број 12-2967/1 од 15.11.2024 година, **СЕ ПОТВРДУВААТ.**

ДКСК ќе постапи согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и ќе иницира постапка до надлежен орган.

Предметот со број 12-2967/1 од 15.11.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 15.11.2024 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за несоодветно постапување на службени лица во Општина /// во врска со бесправно изграден објект на територијата на Општина /// во кој се врши угостителска дејност, и оформен е предмет број 12-2967/1 од 15.11.2024 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за непреземање на соодветни дејствија по предмет заведен под арх.бр. на Општина /// /// од /// година, за отстранување на бесправна доградба на семејна куќа на КП /// КО /// – затворена тераса за потребите на кафе-бар, која се користи за вршење на угостителска дејност.
Подносителот на пријавата упатува на непостапување на општинската служба во насока на отстранување на наводно нелегално изградениот објект и на непреземање мерки во

насока на соодветно санкционирање, поради што цени дека околностите упатуваат на тоа дека со непреземање на навремени и соодветни дејствија, службени лица од Општина /// сториле повреда на повеќе релевантни одредби заради овозможување на непречено вршење угостителска дејност во нелегално изграден објект.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за доставување податоци и информации до Општина ///, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен и до Државниот пазарен инспекторат.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
Овластениот градежен инспектор на Општина ///, врз основа на Законот за градење, Законот за инспекциски надзор и Законот за општа управна постапка, во три наврати извршил инспекциски надзор. Записниците од извршените инспекциски надзори (Записник /// од 23.01.2024 година, Записник /// од 19.04.2024 година и Записник /// од 11.06.2024 година) содржат ист предмет на надзор - доградба на семејна куќа на КП /// КО /// каде се врши дејност угостителство и идентични констатации.
Постоењето на дограден дел кон објект – семејна куќа со катност ПР+1 запишана во ИЛ /// за КО /// како сопственост на ///, чие е и земјиштето, којшто дограден дел не е запишан во имотен лист а е изграден на бетонска платформа со катност ПР, со метална конструкција затворена со ПВЦ профили застаклени со термопан стакла било забележано во Записник /// од /// година, каде било констатирано и дека пред доградениот дел е изведена отворена тераса со вкупна површина од 42,5m². Во овој Записник е содржана констатација дека во моментот не се врши градба ниту градежни активности, што е наведено како основа за запирање на постапката во однос на градбата. Во однос на ревидирање на дозволата за градба, инспекторот постапката ја прекинал до добивање на дополнителни информации од Општина ///.
Во Записникот /// од /// година е изречена инспекциска мерка по што е донесено Решение /// од /// година за изрекување инспекциска мерка опомена за отстранување на бесправно изведена доградба на семејна куќа на КП /// за КО /// – затворена тераса за потребите на кафе-бар, а врз основа на Записник за извршен инспекциски надзор /// од /// година, согласно членот 83 од Законот за инспекциски надзор и согласно член 141 од Законот за градење, во рок од 30 дена, со напомена дека ќе се пристапи кон административно извршување за отстранување доколку инвеститорот не ја отстрани градбата.

Општина /// на 02.01.2026 година на барање на ДКСК достави известување во кое е содржана информација дека состојбата на бесправно изведената доградба на семејна куќа на КП /// КО /// – затворена тераса за потребите на кафе-бар е непроменета. Општина /// не ја достави бараната информација за преземени дејствија од страна на субјектот на надзор и од страна на Општина /// во насока на отстранување на бесправно изведената доградба на посочената локација. Општина /// ја извести ДКСК дека овластениот градежен инспектор изготвил Записник /// од /// година во кој детално е констатирана состојбата на локацијата, без да го достави овој Записник во прилог на Известувањето, поради што ДКСК во текот на постапувањето по предметот нема извршено увид во неговата содржина.

Во текот на постапувањето по предметот ДКСК утврди дека над субјектот угостителски објект кафе-бар /// на ден /// година бил извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Државниот пазарен инспекторат, кој во Записник /// од /// година утврдил дека субјектот врши угостителска дејност надвор од деловниот објект на простор наменет, уреден и опремен за давање угостителски услуги без одобрение издадено од градоначалникот на /// за корисење на просторот, за што било констатирано дека е спротивно на член 12 став 3 од Законот за угостителска дејност, по што бил издаден прекршочен платен налог за правното лице и за одговорното лице во правното лице.

Од фактичката состојба која ДКСК ја утврди врз основа на извршениот увид во податоците, информациите и документацијата кои во текот на нејзиното постапување по предметот беа доставени од Општина ///, од Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен и од Државниот пазарен инспекторат може да се констатира дека на КП /// КО ///, на /// бр./// /// постои нелегална доградба на куќа во која се врши угостителска дејност без издадено одобрение од градоначалникот на ///. Состојбата е утврдена во инспекциска постапка спроведена од страна на овластениот градежен инспектор и во инспекциска постапка спроведена од страна на Државниот пазарен инспекторат, во текот на 2025 година. За оваа состојба бил информиран градоначалникот на Општина ///. Врз основа на документацијата во која беше извршен увид може да се констатира дека заклучно со декември 2025 година не биле преземени дејствија во насока на отстранување на нелегалниот објект ниту дејствија во насока на прекин на вршење на угостителската дејност во овој објект.

Со оглед на временската рамка на извршените инспекциски надзори на овластениот градежен инспектор, и со оглед на формулацијата на предметот на надзор, структурата

и содржината на записниците, во нив содржаните констатации и непреземањето на дејствија во насока на отстранување на бесправно изградениот објект, ДКСК оцени дека

начинот на постапување на надлежните службени лица од Општина /// при утврдување на постоењето на бесправна доградба на семејна куќа на КП /// КО /// – затворена тераса за потребите на кафе-бар која се користи за вршење на угостителска дејност, како и начинот на постапување на надлежните службени лица од Општина /// во насока на отстранување на неправилностите, во насока на покренување на постапки за санкционирање на сторителите и во насока на спречување на несоодветно вршење на угостителска дејност,

упатуваат на свесно одолговлекување на постапките кое е на штета на јавниот интерес а од кое може да произлегува корист за инвеститорот на бесправно изградениот објект и за правниот субјект /// кој во тој објект врши угостителска дејност.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека наводите за сомневање за несоодветно постапување на службени лица во Општина /// во врска со бесправно изграден објект на територијата на Општина /// во кој се врши угостителска дејност се потврдуваат поради што ДКСК ќе иницира постапка до надлежен орган.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил:/Miratoi: В.ХН., член/anëtar

Доставено до:
- подносителот на пријавата